## Cvetan Stanoeski

**From:**
**Sent:** Tuesday, August 24, 2021 3:59 PM
**To:**
**Cc:**
**Subject:** Жалба наш бр. 03/2021/2/128и од 24.08.2021 година
**Attachments:** 21.07.2021-И-Барање до Државен инспекторат за градежништво и урбанизам.pdf; 24.08.2021-И-Жалба до Агенција ДИГУ.pdf

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер - Скопје
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik - Shkup

| Примено: Pranuar: 25.08.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia org. | Број Numri | Прилог Pranol | Вредност Vlera |
| 08 | 613 | | |

Почитувани,

Во прилог на оваа електронска пошта Ви ја доставуваме Жалбата од Еколошко здружение на граѓани „Фронт 21/42" бр. 03/2021/2/128и од 24.08.2021 година против Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам заедно со доказот - Барање за пристап до информации од јавен карактер 03/2021/2/118и од 21.07.2021 година.

Се надеваме ќе ни помогнете во остварување на нашето право на пристап до информации од јавен карактер.

Со почит,

Еколошко здружение на граѓани „Фронт 21/42"
Бул. Климент Охридски бр. 54/2-2, 1 000 Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
СКОПЈЕ - SHKUP

27.08.2021
12 492/3

--
This message has been scanned for viruses and dangerous content by **MailScanner**, and is believed to be clean.

## Cvetan Stanoeski

**From:**
**Sent:** Wednesday, August 25, 2021 11:51 AM
**To:**
**Cc:**
**Subject:** Re: Жалба наш бр. 03/2021/2/128и од 24.08.2021 година
**Attachments:** 11.08.2021-В- Известување од Државен инспекторат за градежништво и урбанизам.pdf

Почитувани,

Во прилог на оваа електронска пошта, а во врска со претходно доставената Жалба од Еколошко здружение на граѓани „Фронт 21/42" бр. 03/2021/2/128и од 24.08.2021 година, го доставуваме доказот - Известување по Барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 12-492/1 од 28.07.2021 година, доставено до Фронт 21/42 на 11.08.2021 година.

Со почит,

Еколошко здружение на граѓани „Фронт 21/42"
Бул. Климент Охридски бр. 54/2-2, 1 000 Скопје
Лице за контакт:

On Tuesday, 24 August 2021, 15:58:43 CEST,

Почитувани,

Во прилог на оваа електронска пошта Ви ја доставуваме Жалбата од Еколошко здружение на граѓани „Фронт 21/42" бр. 03/2021/2/128и од 24.08.2021 година против Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам заедно со доказот - Барање за пристап до информации од јавен карактер 03/2021/2/118и од 21.07.2021 година.

Се надеваме ќе ни помогнете во остварување на нашето право на пристап до информации од јавен карактер.

Со почит,

Еколошко здружение на граѓани „Фронт 21/42"
Бул. Климент Охридски бр. 54/2-2, 1 000 Скопје

--
This message has been scanned for viruses and dangerous content by **MailScanner**, and is believed to be clean.

Здружение на граѓ...
"ФРОНТ 21/42"
Бр. 03/2021/2/128и
24.08.2021 год.
СКОПЈЕ

FRONT 21/42

Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia

24.08.2021 година, Скопје

**До:**

Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер

Согласно член 9 став (1) од Архуската Конвенција за пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правдата за прашања поврзани со животната средина (Сл. Весник на Р.М. бр. 40/99); член 20 став (3) и член 27 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на Р.С.М бр. 101/19) ја поднесуваме следнава:

**Предмет:**

**ЖАЛБА**

**Против:** Државен инспекторат за градежништво и урбанизам

**Подносител:** Еколошко здружение на граѓани „Фронт 21/42"

**Жалбена основа:**

Еколошкото здружение на граѓани „Фронт 21/42" на ден 21.07.2021 година до Државен инспекторат за градежништво и урбанизам поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер (наш архивски бр. 03/2021/2/118и) во врска со донесените Решенија за отстранување на бесправно изградени објекти во Општините Охрид, Струга и Дебарца од страна на градежни инспектори, кои датираат од Февруари 2011 година (од донесување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти) до Јули 2021 година, а заради доставување на следните информации:

- **Копија од Решенијата за отстранување на бесправно изградени објекти во Општина Охрид донесени од страна на овластениот градежен инспектор од Февруари 2011 година до Јули 2021 година, конкретно:**
  - **Копија од Решенија за отстранување на бесправно изградени објекти на територијата на Општина Охрид, Струга и Дебарца по кои во целост е постапено и објектите се отстранети;**
  - **Копија од Решенија за отстранување на бесправно изградени објекти на територијата на Општина Охрид, Струга и Дебарца по кои не е постапено и објектите не се отстранети; и**

- **Копија од Решенија за отстранување на бесправно изградени објекти на територија на Општина Охрид, Струга и Дебарца по кои се поведени судски постапки.**

**Доказ:** Копија од Барање за пристап до информации од јавен карактер (наш архивски бр. 03/2021/2/118и) од 21.07.2021 година;

На 11.08.2021 година од страна на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, Одделение за нормативно правни и општи работи, до „Фронт 21/42" беше доставено Известување по Барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 12-492/1 од 28.07.2021 година.

Во Известувањето се наведува дека: *„Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам не постапува за објекти од втора категорија. Надлежноста за овој вид на објекти согласно Законот за градење ја има градоначалникот"* (наведено во последниот пасус на првата страна), при што во поткрепа на ваквиот одговор ги посочуваат членот 128 од Законот за градење според кој градежен инспектор врши инспекциски надзор над градби од прва категорија, а овластен градежен инспектор врши инспекциски надзор над градби од втора категорија од членот 57 на истиот закон (наведено во четвртиот пасус од втората страна).

**Доказ:** Копија од Известување по Барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 12-492/1 од 28.07.2021 година, доставено до Фронт 21/42 на 11.08.2021 година.

Имено, според доставеното Барање за пристап до информации од јавен карактер, од Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам се побарани Решенијата за отстранување на бесправно изградени објекти донесени од страна на **градежни инспектори,** што значи Решенија за градби од прва категорија согласно законот.

Поконкретно, според чл. 57 став (1) од ЗАКОН ЗА ГРАДЕЊЕ (Службен весник број: 130/2009; 124/2010; 18/2011; 18/2011; 36/2011; 49/2011; 54/2011; 13/2012; 144/2012; 25/2013; 79/2013; 137/2013; 163/2013; 27/2014; 28/2014; 42/2014; 115/2014; 149/2014; 187/2014; 44/2015; 129/2015; 129/2015; 217/2015; 226/2015; 30/2016; 31/2016; 39/2016; 71/2016; 103/2016; 132/2016; 35/2018; 64/2018; 168/2018; 244/2019; 18/2020; 279/2020; 96/2021;) насловен како **Категоризација на градби:**

*„(1) Градби од прва категорија се: нуклеарни електрани, термоцентарали и хидроцентрали со капацитет од и над 1 МВ, далноводи со напонско ниво од и над 35 КВ, градби за производство на електрична енергија од обновливи извори, биогориво, биомаса, ветерна, сончева, геотермална енергија и хидроенергија со капацитет поголем од 1 MW, трафостаници со напонско ниво од и над 35 КВ, нафтоводи, продуктоводи, магистрални гасоводи, магистрални топловоди, гасоводни мерни станици, државни патишта, придружно услужни објекти на државни патишта утврдени со закон, железнички пруги, железнички станици на железнички пруги, аеродроми, депонии за опасен отпад, брани со акумулации, градби за базна и хемиска индустрија, градби за црна и обоена металургија, градби за производство на целулоза и хартија, градби за преработка на кожа и крзно, градби за преработка на каучук, барут и експлозивна муниција, градби за складирање на експлозивни средства, складишта за нафтени*

*деривати, природен гас и ТНГ со капацитет на складирање од и над 1.000 тони, градби за санација на свлечишта, градби кои би можеле да ја загрозат животната средина, градби за потребите на државните органи и агенциите и фондовите основани од Република Северна Македонија, градби за потребите на правни лица во целосна или доминантна сопственост на Република Северна Македонија, градби за дипломатски и конзуларни претставништва и меѓународни организации, туристички развојни зони и градбите во овие зони, индустриски и зелени зони основани од Владата на Република Северна Македонија, и градбите во овие зони, слободни здравствени зони и градбите во овие зони, технолошки индустриски развојни зони формирани од Владата на Република Северна Македонија и од правни лица и градбите во овие зони, градби за високо образование, опсерватории, национални установи од областа на културата, градби кои претставуваат заштитено недвижно културно наследство согласно со закон (поединечни добра, споменички целини без контактните зони и археолошки локалитети), меморијални споменици, градби наменети за терцијална здравствена заштита, телекомуникациски центри за прием на сателитски сигнали, градби за потребите на граничните премини, градби предвидени со урбанистичко-планска документација за градби од посебен интерес (освен градби за индивидуално домување), регионални водоснабдителни и канализациони системи со системи за пречистување, регионални депонии, жичари, градби предвидени на подрачје на две или повеќе општини, градби во кои постојат инсталации за производство на топлинска енергија, езерски и речни пристаништа, стадиони и спортски сали со капацитет над 10.000 гледачи."*

Со ваквото Известување, Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам не овозможи пристап до бараните информации. Доколку од одредени причини, за имателот на информации Барањето не е јасно, истиот е должен да постапи согласно член 17 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, според кој: *„Ако барањето е непотполно и поради тоа имателот на информацијата не може да постапува, тој ќе побара од барателот на информацијата да го дополни барањето, со укажување на последиците ако тоа не го направи. Барателот е должен да го дополни барањето во рок од три дена од денот на известувањето за потребата од дополнување на барањето, односно во рок од три дена од денот на приемот на известувањето за потребата од дополнување на барањето".*

Потенцираме дека Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам со вака доставеното Известување изврши повреда на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, бидејќи според став 1 од <u>истиот е должен да донесе Решение по предметното Барање за пристап до информации од јавен карактер</u>, што не е случај во конкретниот предмет. Исто така, со недоставувањето на бараните информации, имателот изврши повреда на член 4 од Архуската Конвенција, како и на член 4, 12, и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и член 51 од Законот за животна средина.

Поради тоа незадоволни од ваквиот одговор, во законски утврдениот рок согласно член 20 став (3) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ја поднесуваме оваа Жалба и предлагаме да му наложите на имателот на информациите, Државен инспекторат за градежништво и урбанизам, во најбрз можен рок да ни ги достави бараните информации.

Се надеваме дека ќе ни помогнете во остварување на нашето право на пристап до информации од јавен карактер.

Однапред Ви благодариме на соработката и одвоеното време.

**Адреса за контакт:**
**„Фронт 21/42"**
**Бул. Климент Охридски бр. 54/2-2, 1 000 Скопје**